Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2047/1 од 23.07.2024 година, со наводи за нестручно и несовесно работење на судијата во Основен суд ---------, ------------------
**СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во случајот од причина што за предметните наводи постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2047/1 од 23.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.07.2024 година, поднесена е пријава во која подносителот изразува незадоволство заради нестручно и несовесно работење на судијата во Основен суд -----------, ----------, при одлучување по предметот К.бр.--------, заради бесправно градење од страна на лицето --------- од ------------ и оформен е предмет број 12-2047/1 од 23.07.2024 година.
Подносителот, наведува дека тој и неговиот сосед, како пријавители и оштетени во судската постапка, воопшто не биле повикани на главната расправа, ниту пак му било дозволено на неговиот полномошник да присуствува на истата, иако дивоградбата директно им прави штета ним како соседи бидејќи им го попречува мирното владение на нивниот имот.
Имено, подносителот наведува дека во решението за отстранување на објект бр.ИП 1 бр.------- од -------- година ПР-приземје во фаза на карабина имало

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

напаствије да се отстрани објектот кој што бил дивоградба, кој имал и предлог од надлежното обвинителство, судот со пресуда да го задолжи обвинетиот да го отстрани диво изградениот објект, судијата во пресудата навел дека се работи за доградување на тераса, судот со донесената пресуда не се произнел ниту дал некакви напаствија за рушење или отстранување на диво изградениот објект и заради ова подносителот се сомнева во нестручно, несовесно работење, самоволие и суштествени повреди со непочитување на одредбите од Законот за кривична постапка.

Во пријавата се истакнува дека подносителот доставил претставка против наведениот судија и до Судскиот совет на РСМ.
Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Судскиот совет на РСМ.

Од страна на Судски совет на РСМ добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација ДКСК констатира дека од страна на Судскиот совет на РСМ бил оформен предмет УПП.-------- од ---------- година, по претходно поднесена Претставка во кое се изразувало незадоволство од постапувањето на судијата од Основниот суд --------, ---------, по предметот К.бр.----------.
На ден 10.10.2024 година од страна на Судскиот совет на РСМ добиено е ново Известување дека на седница на Советот оджана на 25.09.2024 година ја разгледале претставката и по расправата по истата, констатирале дека претставката е неоснована и дека Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите.
При разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира нема елементи за надлежно постапување во случајот од причина што за предметните наводи постапил друг надлежен орган.
Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Претседател

Татјана Димитровска

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk